Врз основа на член 52 став 1 2 и 5 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на РСМ”бр. 275/2019 и 14/2020), Секретарот на Општина Прилеп донесе:

# О Д Л У К А

## за избор за унапредување на административен службеник по интерен оглас

1.По интерниот оглас бр.1/2021 објавен на 09.07.2021 година објавен на Веб страната на Општина Прилеп и Агенција за администрација, се избира:

- **Благица Филипоска, со вкупно освоени бодови 37.35** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас УПР0101В01000, Одговорен сметководител, Одделение за буџетска контрола, Сектор за финансиски прашања.

2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 на оваа Одлука во рок од пет дена по конечноста на Одлуката.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 09.07.2021 година на Веб страната на Општина Прилеп и Агенција за администрација објавен е интерен оглас бр.1/2021 за унапредување на административен службеник во Општина Прилеп.

Со Решение бр.04-1488/9 од 13.07.2021 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник спроведе административна селекција, Записник од извршената административна селекција за интерен оглас број 04-1488/12 од 16.07.2021 година.

На ден 16.07.2021 година Комисија за селекција за унапредување на административен службеник спроведе проверка на веродостојноста на докази и интервју за унапредување на административен службеник, Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за унапредување на административен службеник бр.04-1488/13 од 16.07.2021 година

Од доставената финална ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат број 04-1488/13 од 16.07.2021 година, Секретарот на Општина Прилеп изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Бр. 04-1488/15
20.07.2021 год.
Прилеп

СЕКРЕТАР
на Општина Прилеп
Александра Кокароска

Доставено до:
- кандидатот за унапредување
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Изработил: Мартина Ристеска Јованоска